**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-578/5**

**Скопје, 31.10.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Центар Жупа за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Центар Жупа за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Нузи Шахин, Градоначалник на општина Центар Жупа, од 01.01.2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 24.07. до 27.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
_______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на интерни акти**

10.1.1 Општина Центар Жупа за 2005 година нема донесено буџет заклучно со 31.12.2004 година. За период од 01.01.2005 до 31.03.2005 година согласно Законот за буџетитие има донесено одлука бр.07-273/3 од 27.12.2004 година за времено финансирање. Меѓутоа временото финансирање на општината продолжило да се врши и за период од 01.04.2005 до 30.06.2005 година, што е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за локална самоуправа. Причина за тоа е ненавременото донесување на буџетот за 2005 година, кој во општина Центар Жупа е донесен на 30.06.2005 година. Ненавременото донесување на буџетот придонесува за незаконско трошење на јавните средства без претходно да бидат утврдени изворите и намените и без одобрување од Советот на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице кој е должен да го предложи буџетот до Советот треба да ги почитува законските одредби за предлагање и донесување на буџетот предвидени со Законот за буџетите.

**10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.2.1. Не се евидентирани побарувања по основ на даноци на имот кој се плаќа за недвижен имот, данок на наследство и подарок, данок на недвижности и права. Не евидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за ваквата состојба е тоа што документацијата и податоци за овој вид на побарувања до превземањето на овие надлежности од локалната самоуправа се водат во Управата за јавни приходи Дебар и од таму не се пренесени во евиденцијата на општина Центар Жупа. Како резултат на тоа се јавува немање на податоци за состојбата на износите на ненаплатените и наплатените побарувања во овие основи во сметководството на општината.

**Препорака:**

Надлежните органи во општина Центар Жупа потребно е да воведат евиденција за овој вид на побарувања со цел да ја следат нивната состојба и да превземаат соодветни мерки за наплата на побарувањата по овој основ.

10.2.2. Во билансот на состојба кај одредени позиции има салда од минати години кој нереално ја одрзуваат состојбата и тоа:

- Дефицит на буџетите и фондовите во износ од 317 илјада денари, кои се пренсени од минати години и се должи на пресметковно евидентирање во сметководството;
- Други побарувања во износ од 60 илјади денари од фондовите кои согласно Законот за финансирање на ЕЛС се укинати на 30.06.2005 година и
- Други обврски во износ од 40 илјада денари кои се резултат на погрешно евидентирана во сметководството на буџетот исплатена и вратена готовина во буџетот.

Непочитувањето на законските прописи придонело за искажување на нереални состојби во Билансот на сотојба.

**Препорака:**

Поради тоа што состојбите на овие позиции не се релани ревизијата препорачува Советот да донесе соодветни одлуки за регулирање на истите.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите од точката 10.1. и 10.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Центар Жупа на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Центар Жупа, поради значајноста на наодите од точките 10.1. и 10.2. не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

13. Во буџетот на општина Центар Жупа согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоупрва се остваруваат приходи по основ на наменски дотации на посебна трезорска сметка. Со состојба на 31.12.2005 година не е изготвена завршна сметка за сметката за наменски дотации кое е спротивно на одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Според евиденцијата од сметководството на оваа сметка се остварени приходи во износ од 1.023 илјада денари, расходи 900 илјада денари, и вишок на приходи во износ од 123 илјада денари.

Непочитување на Законот за сметководство го оневозможува навременото систематизирање и утврдување на податоците од сметката за наменски дотации, увид во билансните позиции и финансиските извештаи и доставување на истите до надлежните институции во Република Македонија.

**Скопје, 23.10. 2006 година**

## Буџет на ЕЛС ЦЕНТАР ЖУПА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1 | 1,768 | 1,016 |
| Неданочни приходи | 3.2 | 22 | 27 |
| Трансфери и донации | 3.3 | 4,374 | 1,446 |
| **Вкупно приходи** | | **6,164** | **2,489** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1 | 2,394 | 1,426 |
| Стоки и  услуги | 3.4.2 | 1,417 | 799 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,811** | **2,225** |
| **Капитални расходи** | 3.5.1 | **1,556** | **13** |
| **Вкупно расходи** | | **5,367** | **2,238** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **797** | **251** |

**Буџет на ЕЛС ЦЕНТАР ЖУПА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 460 | 251 |
| Побарувања | 4.1.2 | 60 | 60 |
| **Вкупно тековни средства** | | **520** | **311** |
| **Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот** | 4.2.1 | **317** | **317** |
| **Вкупна актива** | | **837** | **628** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.3.1 | 40 | 40 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2 | 797 | 588 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **837** | **628** |
| **Вкупна пасива** | | **837** | **628** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*



*Овластен државен ревизор*

______________________